СЛУЖБЕН ВЕСНИК
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Петок, 14 март 1980
Скопје
Број 9 Год. XXXVI

Претплатата за 1980 година изнесува 650 динари. Овој број чини 10 дин. Жиро сметка 40100-603-12498

46.

Врз основа на член 3 и 13 од Законот за републичките совети („Службен весник на СРМ“ бр. 27/75) и член 86, став 3 од Деловникот на Претседателството на СРМ, а во согласност со органите и организациите што учествуваат во работата на Републичкиот совет за односи со странство, Претседателството на СРМ, на седницата одржана на 8 февруари 1980 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СОСТАВОТ НА РЕПУБЛИЧКИОТ СОВЕТ ЗА ОДНОСИ СО СТРАНСТВО

I

Во делот III од Одлуката за утврдување на составот на Републичкиот совет за односи со странство, се додава нова алинеја која гласи:

— Д-р Асен Симитчиев, член на Претседателството на СРМ.

II

Во делот IV, точка 6 од Одлуката, од редот на општествените, научните и стручните работници се вршат следните измени и дополнувања:

1. Се разрешува досегашниот член на Републичкиот совет за односи со странство, Душко Поповски;

2. За нов член на Републичкиот совет за односи со странство се именува Димче Беловски, член на Претседателството на ЦК СКМ.

III

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 08-126
12 февруари 1980 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
Љупчо Арсов, с. р.

47.

Врз основа на член 3, 15 и 16 од Законот за републичките совети („Службен весник на СРМ“ бр. 27/75) и член 86, став 2 од Деловникот на Претседателството на СРМ, Претседателството на СРМ, на седницата одржана на 8 февруари 1980 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СОСТАВОТ НА РЕПУБЛИЧКИОТ СОВЕТ ЗА ЗАШТИТА НА ПОРЕДОКОТ УТВРДЕН СО УСТАВОТ

I

Делот 5 од Одлуката за утврдување на составот на Републичкиот совет за заштита на поредокот утврден со Уставот се дополнува со нова алинеја која гласи:

— Филип Брајковски, член на Претседателството на СРМ.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 08-127
12 февруари 1980 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
Љупчо Арсов, с. р.

48.

Врз основа на член 53, 55 и 57 од Деловникот на Претседателството на СРМ, Претседателството на СРМ, на седницата одржана на 8 февруари 1980 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА СОСТАВОТ НА КОМИСИЈАТА ЗА ОДЛИКУВАЊА НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СРМ

I

Делот II од Одлуката за составот и именување на претседател и членови на Комисијата за одликувања на Претседателството на СРМ се менува и гласи:

Комисијата за одликувања на Претседателството на СРМ има претседател и 13 члена.

II

Во делот III, точка 2 се додава нова алинеја која гласи:

— Мети Крлиу, член на Претседателството на СРМ.

III

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 08-128
12 февруари 1980 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
Љупчо Арсов, с. р.

49.

Врз основа на член 69 точка 15 од Законот за народна одбрана („Службен весник на СРМ“, бр. 11/76), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесува

УРЕДБА

ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ШТО ИМ ПРИПАЃА НА ГРАЃАНИТЕ, ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД И ДРУГИТЕ САМОУПРАВНИ ОРГАНИЗАЦИИ И ЗАЕДНИЦИ ЗА МАТЕРИЈАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗЕМЕНИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ВЕЖБИ НА ТЕРИТОРИЈАЛНАТА ОДБРАНА И ЦИВИЛНАТА ЗАШТИТА

Член 1

Со оваа уредба се пропишува висината на надоместокот што им припаѓа на граѓаните, организациите на здружениот труд и другите самоуправни организации и заедници за материјалните средства што се должни во смисла на член 1 од Уредбата за спроведување на материјалната обврска на организациите на здружениот труд, на други самоуправни организации и заедници и на граѓаните за

потребите на народната одбрана („Службен лист на СФРЈ", бр. 4/75), на барање на овластените органи да ги даваат за потребите на територијалната одбрана, цивилната заштита и на Службата за набљудување, јавување, известување и тревожење на општествено-политичките заедници, државните органи и организации од посебно значење за народната одбрана на Републиката.

Член 2

За користење на материјалните средства земени за потребите на вежби на територијалната одбрана и цивилната заштита во мир, на граѓаните, организациите на здружениот труд и другите самоуправни организации и заедници (во понатамошниот текст: имателот на средствата) им припаѓа надоместок определен со Тарифата за надоместоците за користење на средствата земени за потребите на вежби на територијалната одбрана и цивилната заштита (во понатамошниот текст: Тарифата), која е составен дел на оваа уредба.

Ако надоместокот определен со Тарифата е помал од износот на задолжителните давања што го товарат средството или од износот што имателот на овие средства му го плаќа на друго лице за користење на такви средства заради вршење неодложни задачи и работи, на имателот на средствата му припаѓа надоместок во износ на задолжителните давања, односно во износ на закупнината за средството што им одговара на месните прилики.

Член 3

За користење на станбени и други згради, земјишта со уреди и инсталации, пумпни станици, агрегати за вода, складови на погонско гориво и мазиво, складови за сместување на експлозивни материи со капацитет од 10.000 и повеќе килограми, складови за сместување на човечка и добиточна храна, опрема и друг материјал, освен складови за сместување на санитетски материјали, надоместокот се определува според закупнината што во време на нивното користење е вообичаена во местото каде што се наоѓа зградата и земјиштето.

Член 4

Надоместокот за користење на материјалните средства припаѓа од денот на предавањето до денот на враќањето на средствата.

Во времето на користење се смета и времето потребно за доставување на материјалното средство до местото на предавањето и времето потребно за неговото враќање до местото од каде е доставено.

На имателите на средствата им се исплатува полн дневен износ на надоместок за времето на користењето на средствата над 12 часа, а половина дневен износ на надоместокот за време пократко од 12 часа.

Надоместокот за користење на материјалните средства се исплатува во рок од 8 дена од денот на враќањето. Ако средството се користи подолго од 30 дена надоместокот на барање од имателот на средствата се исплатува месечно наназад.

Член 5

На имателот на средствата му припаѓа надоместок на превозните трошоци и дневници за патување на работниците во врска со предавањето и преземањето на средствата.

Надоместокот на превозните трошоци се исплатува според цените на превозот со средствата за јавен сообраќај, и тоа само ако местото на предавањето односно на преземањето на материјалните средства е оддалечено над 10 км., од седиштето на организацијата на здружениот труд, друга самоуправна организација и заедница односно од местото на живеење на граѓанинот.

Дневниците за патување се исплатуваат за времето потребно за доставување и предавање на средствата и за враќање на работниците од седиштето на организацијата на здружениот труд на друга самоуправна организација и заедница односно за времето потребно за доаѓање заради преземање на средствата и за враќање до седиштето на организацијата на здружениот труд, на друга самоуправна организација и заедница.

Дневниците за патување од став 3 на овој член се пресметуваат и исплатуваат според прописите за патните и други трошоци во територијалната одбрана и цивилната заштита.

Член 6

Ако при враќањето на материјалните средства на имателот на средствата не му се дава количината на погонско гориво и мазиво, односно на добиточна храна, што се потрошени при доставувањето на средството за погонско гориво и мазиво, односно за добиточната храна, што се потрошени заради доставување на средствата, односно за исхрана на добитокот, надоместокот се исплатува според месните пазарни цени.

Член 7

Надоместокот од член 5 и 6 на оваа уредба не припаѓа за превозните трошоци и дневниците за патување на работниците, како ни надоместокот на погонско гориво и мазиво односно за добиточна храна потрошена при доставувањето на средствата, ако средството не е земено за вежба поради неисправност, односно неупотребливост, за која имателот на средството не го известил на време општинскиот орган на управата, надлежен за работите на народната одбрана.

Член 8

На имателот на материјалните средства му припаѓа надоместокот на штетата ако земеното средство биде оштетено, уништено или тоа исчезне за времето на воени вежби на единиците на територијалната одбрана и цивилната заштита. За уништено или исчезнато средство висината на штетата се определува според месната пазарна вредност што ја имало тоа средство во моментот на предавањето.

За оштетено средство му припаѓа надоместок на штета во височина на разликата помеѓу месната пазарна вредност на средството во време на предавањето и неговата вредност во моментот на враќањето на имателот на средствата, земајќи го предвид намалувањето на вредноста настаната со редовната употреба на средствата.

Ако оштетеното средство не може да се поправи односно ако заболениот добиток не може да се излечи, на имателот на средствата му припаѓа надоместокот утврден на начинот од став 2 на овој член, намален за преостанатата вредност на средството ако тоа односно добитокот му се враќа на имателот на средствата.

Ако е средството поправено пред неговото враќање, на имателот на средствата му припаѓа надоместок во износ на намалената вредност на средството, а ако со поправката е зголемена вредноста на средството, надоместокот за користење на средството предвиден со Тарифата се намалува за износот на зголемената вредност на средството.

Член 9

Височината на штетата за оштетени, уништени или исчезнати средства ја утврдува комисија од три члена што ја формира органот на општествено-политичката заедница кој поставил барање за предавање на средствата и тоа:

— штабовите на територијалната одбрана, за средствата земени за потребите на вежби на територијалната одбрана и

— Републичкиот секретаријат за народна одбрана, односно општинскиот орган на управата надлежен за работите на народната одбрана на општината, односно на градската заедница за средствата земени за потребите на вежби на цивилната

заштита и Службата за набљудување, јавување, известување и тревожење.

Височината на надоместокот на штетата од претходниот став се утврдува спогодбено.

Доколку не дојде до спогодба од претходниот став, надлежниот орган е должен во рок од 30 дена од денот на поднесеното барање писмено да го извести подносителот на барањето за височината на понуденот надоместок.

Подносителот на барањето кој не е задоволен со износот на понуденот надоместок може во рок од 30 дена од денот на приемот на писменото известување, односно во рок од 60 дена од денот на поднесувањето на барањето да поднесе тужба до надлежниот суд за утврдување на надоместокот на штетата.

Член 10

Решението за исплатување на надоместокот за користење на средствата односно за исплатување на надоместокот на штетата настаната на средствата земени за потребите на вежби го донесува старешината на органот од член 9 од оваа уредба.

Решението од став 1 на овој член за исплатување на надоместокот на штетата се донесува врз основа на извештајот на комисијата.

Член 11

Надоместокот на штетата се исплатува во рок од 15 дена од денот на донесувањето на решението за исплатување на надоместокот.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 12

Одредбите на оваа уредба ќе се однесуваат и на нерешените случаи на надоместокот за користење на средствата земени за потребите на вежби на територијалната одбрана и цивилната заштита кои настанале пред денот на влегувањето во сила на оваа уредба, ако е таа поповолна за имателот на средствата.

Член 13

Одредбите на оваа уредба согласно се применуваат и на здруженијата на граѓаните и граѓанско-правните лица.

Член 14

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 23-2333/1
25 декември 1979 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет
Благој Попов, с. р.

ТАРИФА

ЗА НАДОМЕСТОЦИТЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА ЗЕМЕНИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ВЕЖБИ НА ЕДИНИЦИТЕ НА ТЕРИТОРИЈАЛНАТА ОДБРАНА И ЦИВИЛНАТА ЗАШТИТА

Височината на надоместокот од членот 2 на Уредбата за височината на надоместокот што им припаѓа на организациите на здружен труд и другите самоуправни организации и заедници и граѓаните за средствата земени за потребите на вежби на територијалната одбрана и цивилната заштита изнесува месечно:

	дин.
1. За патнички автомобил и комбинирани возила (комби), според работната зафатнина на моторот, и тоа:	
— до 1000 см³	650
— над 1000 см³ до 1500 см³	960
— над 1500 до 2000 см³	1.250
— над 2000 см³	1.700
2. За теренски автомобили, без оглед на бројот на седиштата	1.700
3. За автобуси, според бројот на седиштата и тоа:	
— од 9 до 23 седишта	7.000
— над 23 до 39 седишта	7.300
— над 39 седишта	12.500

Височината на надоместокот од точка 3 на оваа тарифа, определена за автобуси се исплатува само ако давателот на автобусот е организација на здружен труд што се занимава со превоз на патници во градскиот и меѓуградскиот јавен сообраќај.

Височината на надоместокот за автобуси на организациите на здруженот труд и други самоуправни организации и заедници, што не се занимаваат со превоз на патници во градскиот и меѓуградскиот јавен сообраќај, без оглед на бројот на седиштата, изнесува 6.600 динари.

4. За товарни возила (камиони, камионети) наменети за превоз на товари, според носивоста и тоа:	
— до 2 тона носивост	1.200
— над 2 до 3 тона носивост	1.800
— над 3 до 5 тона носивост	2.800
— над 5 до 7 тона носивост	4.000
— над 7 тона носивост	8.200
5. За специјални возила и тоа:	
— авто-работилница	8.400
— противпожарен автомобил	6.600
— санитетски автомобил	1.600
— радио-станица	1.600
— автомобил за превоз на леб	1.800
— автомобил за превоз на ѓубре	2.400
— авто ладилник за месо	6.600
6. За автомобилски приколки и специјални товарни приколки, според носивоста, и тоа:	
— до 2 тона носивост	650
— над 2 до 4 тона носивост	1.100
— над 4 тона носивост	2.300
7. За моторцикли, според работната зафатнина на моторот и тоа:	
— мопед „колибри"	120
— од 175 до 250 см³	180
— над 250 до 500 см³	240
— над 500 см³	380
8. За велосипеди	60
9. За трактори:	
— на тркала, за 1 КС јачина на моторот	30
— гасеничари, за 1 КС јачина на моторот	50
10. За тракторски приколки, според носивоста и тоа:	
— од 0,5 до 2,5 тона	300
— од 3 до 4,5 тона	500
— од 5 тона	900
11. За запрежни возила, според бројот на оските и видот, и тоа:	
а) кола со една оска (чеза, карета, сака)	50
б) кола со две оски:	
— народна кола со канати, лотри	150
— шпедитерска кола со федери или без федери	200
12. За запрежен и јавачки прибор:	
— амут кожен	20
— амут кожен со камут	30
— амут конопен	20
— седло војнички модел	20
— самар дрвен	10
13. За теглечки и товарен добиток (коњи, маски, мулиња и магариња) според групите и тоа:	
— I група — теглечки коњи — тешки, средни и јавачки	500
— II група — теглечки коњи — лесни, мулиња, маски и магариња, црни крупни	450
— III товарни коњи	400
— IV група — магариња — сиви мулиња	200

14. За користење на другите средства височината на надоместокот се утврдува врз основа на податоците од книговодството на имателот на средствата, и се исплатува во височина на задолжителните давачки што ги товарат средствата за периодот на вежбите.

Дневниот износ на надоместокот според оваа тарифа, се утврдува така што месечниот износ на надоместокот ќе се подели со бројот 30.

50.

Врз основа на член 101 од Законот за основите на системот на цените и за општествената контрола на цените („Службен лист на СФРЈ" бр. 1/80), член 5 од Законот за општествена контрола на цените („Службен весник на СРМ" бр. 25/72), а во врска со точка 7 од Одлуката за начинот на формирањето на цените и мерките на непосредна општествена контрола на цените на производите и услугите од интерес на Републиката („Службен весник на СРМ" бр. 19/75), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

ОДЛУКА
ЗА ПРОПИШУВАЊЕ НА МЕРКА НА НЕПОСРЕДНА ОПШТЕСТВЕНА КОНТРОЛА НА ЦЕНИТЕ И ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ТАРИФИТЕ ЗА УСЛУГИТЕ ВО ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ ПАТНИЧКИ СООБРАЌАЈ

1. За цените — тарифите во железничкиот патнички сообраќај се пропишува мерка на непосредна општествена контрола на цените — давање согласност на тарифите.

2. Постојните цени во железничкиот патнички сообраќај да се зголемат за 18%.

3. Се овластува Републичкиот секретаријат за општостопански работи и пазар да ја спроведе оваа одлука.

4. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за пропишување на мерка на непосредна општествена контрола на цените и давање согласност на тарифите за услугите во железничкиот патнички сообраќај („Службен весник на СРМ" бр. 8/79).

5. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 15 март 1980 година.

Бр. 23-562/1
13 март 1980 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет
Благој Попов, с. р.

51.

Врз основа на член 18 став 3 од Законот за вршење угостителска дејност со самостоен личен труд со средства во сопственост на граѓани — пречистен текст — („Службен весник на СРМ" бр. 39/77, 10/78 и 6/79), функционерот што раководи со републичкиот орган на управата надлежен за општостопански работи и пазар, во согласност со Републичкиот секретаријат за труд, а по претходно добиено мислење од Стопанската комора на Македонија, пропишува

ПРАВИЛНИК
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПРОГРАМАТА И НАЧИНОТ ЗА ПРОВЕРУВАЊЕ НА СТРУЧНАТА ОСПОСОБЕНОСТ ЗА ВРШЕЊЕ УГОСТИТЕЛСКА ДЕЈНОСТ СО САМОСТОЕН ЛИЧЕН ТРУД СО СРЕДСТВА ВО СОПСТВЕНОСТ НА ГРАЃАНИ И СОСТАВОТ НА КОМИСИЈАТА

Член 1

Во Правилникот за програмата и начинот за проверување на стручната оспособеност за вршење угостителска дејност со самостоен личен труд со средства во сопственост на граѓани и составот на Комисијата („Службен весник на СРМ" бр. 19/78), во член 3, став 6, зборовите „Комитетот за туризам и угостителство" се заменуваат со зборовите: „функционерот што раководи со републичкиот орган на управата надлежен за општостопански работи и пазар".

Член 2

Во член 6 став 1, ред 2, зборовите: „Комитетот за туризам и угостителство на СРМ — Скопје, преку општинскиот орган на управата надлежен за работите на угостителството и туризмот", се заменуваат со зборовите: „Републичкиот секретаријат за општостопански работи и пазар".

Ставот 4 се брише.

Член 3

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 12-111/1
2 февруари 1980 година
Скопје

Републички секретар
за општостопански работи
и пазар,
Едиповски Дургут, с. р.

52.

Уставниот суд на Македонија, оценувајќи ја уставноста и законитоста на делот II од Одлуката за претходна распределба на станови од 1 април 1976 година донесена од работниците во Работната заедница Заеднички служби на Работната организација „Раде Кончар — фрижидери" во Битола, по одржаната јавна расправа на 20 декември 1979 година, на основа членот 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата од 24 декември 1979 година, донесе

ОДЛУКА

1. СЕ ОДБИВА предлогот на работничкиот совет на Работната организација „Раде Кончар — фрижидери" во Битола за оценување уставноста и законитоста на делот II од Одлуката за претходна распределба на станови донесена од работниците во Работната заедница Заеднички служби во состав на означената работна организација на собирот одржан на 1 април 1976 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во Работната организација „Раде Кончар — фрижидери" во Битола на начинот определен за објавување на самоуправните општи акти.

3. Работничкиот совет на Работната организација „Раде Кончар — фрижидери" во Битола поднесе предлог за оценување уставноста и законитоста на делот II од одлуката означена во точката 1 на оваа одлука. Според наводите во предлогот со оспорениот дел од одлуката било повредено неотуѓивото самоуправно право на работниците во Работната заедница заеднички служби да одлучуваат за индивидуална распределба на станови, затоа што со таа одлука работниците од работната заедница го овластиле работничкиот совет на работната организација да изврши распределба на два слободни трисобни стана изградени порано со средства на фабриката.

4. Во претходната постапка и на јавната расправа Судот утврди дека работниците во Работната заедница Заеднички служби во состав на Работната организација „Раде Кончар — фрижидери" во Битола на собирот одржан на 1 април 1976 година на предлог на работничкиот совет на работната организација (тогаш Здружени основни организации на здружениот труд) донеле Одлука за претходна распределба на станови. Во првиот дел на оваа одлука се утврдени критериуми за претходна распределба на станови по основните организации и работната заедница во состав на фабриката. Од текстот на овој дел од одлуката се гле-

да дека предмет на претходната распределба се становите изградени со средства на фабриката пред организирањето на основните организации на здружениот труд. Според одредбите од овој дел на одлуката становите се распределуваат на оние основни организации во кои во тој момент работеле работниците кои од фабриката ги добиле тие станови на користење. За ваквата претходна распределба на становите со одлуката е овластена заедничката комисија за општествен стандард, при што е предвидена и потврда на работничките совети на соодветните основни организации.

Делот II на одлуката, кој е предмет на овој спор, исто така се однесува на распределба на станови изградени порано со средства на фабриката, но овој дел на одлуката не останува во рамките на претходна распределба на станови по основни организации, туку таквата распределба ја врши преку предвидување постапка и органи за конкретно решавање на станбени прашања на работниците со распределба на два трисобни стана, како и на становите кои би биле ослободени (испразнети) како последица на распределбата на двата трисобни стана. Така е сторено затоа што два трисобни фабрички стана биле слободни, а во време на донесување на одлуката не биле распределени на основните организации, односно работната заедница. Понатаму Судов утврди дека, според ставот 3 на делот II од одлуката, постапката за распределба на двата трисобни стана е следната: 1) двата трисобни стана да се распределат на ниво на фабриката во согласност со критериумите за распределба на станови, утврдени во самоуправните спогодби на основните организации на здружениот труд и работната заедница; 2) кандидатите да конкурираат директно до комисиите за општествен стандард на соодветните основни организации и работната заедница кои ќе вршат рангирање врз основа критериумите утврдени во соодветните акти на основните организации и работната заедница; 3) на основа добиените одделни ранг-листи заедничката комисија за општествен стандард да изготви заедничка ранг-листа во смисла на наведените точки 1 и 2, по која ќе се изврши распределување на становите на пријавените работници; 4) против одлуката на заедничката комисија недоволните работници имаат право на приговор до работничкиот совет на фабриката. Во последната точка на одлуката е определено дека по иста постапка ќе се распределуваат и становите кои би се испразниле како последица на распределувањето на двата трисобни стана. Освен тоа во оспорениот дел на одлуката е предвидено дека и становите изградени до 1975 година кои ќе се испразнат ќе бидат распределувани на ниво на фабриката, но во која постапка и од кои органи не е определено.

Судов утврди дека одлуки со иста содржина како и оспорената биле донесени во сите основни организации на здружениот труд во состав на фабриката. Во согласност со овие одлуки во сите основни организации и во работната заедница отпочнала е постапка за распределување на двата трисобни стана, меѓутоа постапката не е завршена, затоа што работничкиот совет на работната организација, на седницата одржана на 29 октомври 1976 година, донел заклучок со кој одбил да одлучува по предлогот на заедничката комисија за општествен стандард за распределување на двата стана и го поништил распишаниот конкурс. Причините поради кои работничкиот совет на работната организација одбива да одлучува за спорното прашање се тие што тој смета спротивно од порано, дека одлучувањето за индивидуална распределба на станови е неотуѓиво право на работниците во основните организации на здружениот труд и дека за такво одлучување не може да биде овластен работничкиот совет на работната организација односно органи на работната организација.

5. Согласно ставот 2 на член 16 од Уставот на СР Македонија и ставот 2 на член 13 од Законот за здружениот труд, основната организација на здружениот труд е основен облик на здружениот труд во кој работниците непосредно и рамноправно ги остварува своите општествено-економски и други самоуправни права. Едно од неотуѓивите права на работниците е и нивното право во основната организација да ги утврдат основите и мерилата за распределба на средствата за заедничка потрошувачка во кои влегуваат и становите (член 463 од Законот за здружениот труд). Во основната организација, исто така, согласно ставот 1 на член 181 од Законот за здружениот труд, работниците, по правило, ги остварува и своите права, обврски и одговорности во здружениот труд.

Имајќи ја предвид оспорената одлука Судов смета дека со неа не е пренесено неотуѓивото право на работниците во основните организации да ги утврдат основите и мерилата за распределба на средствата за заедничка потрошувачка затоа што одлуката во поглед на основите и мерилата упатува на примена на соодветните самоуправни општи акти донесени во основните организации. Оспорената одлука, според мислењето на Судов, само ги определува постапката и органите за конкретна распределба на конкретно определени станови. Тоа што одлучувањето за конкретната распределба на тие станови со одлуката е ставено во надлежност на заедничката комисија за општествен стандард, односно во надлежност на работничкиот совет на работната организација, не претставува, според мислењето на Судов, повреда на неотуѓивото право на работниците во основните организации да одлучуваат за таква распределба, затоа што во време на донесувањето на одлуката спорните станови не биле внесени во средствата на некоја основна организација ниту на работната заедница. Според тоа, во време на донесување на одлуката немало правна можност работниците во основните организации да го остварат своето право на учество во распределбата на тие станови. При таква состојба на работите овластувањето на заеднички органи составени од делегати од сите основни организации и работната заедница да одлучат за распределба само на спорните станови, се јавува, според мислењето на Судов, како нужен услов за остварување на правото на работниците на учество во распределбата на средства за заедничка потрошувачка остварени по основот минат труд од сите работници во фабриката во времето кога во неа не биле организирани основни организации на здружениот труд.

Со оглед на изнесеното Судов смета дека оспорената одлука не е во несогласност со Уставот на СР Македонија и не е во спротивност со Законот за здружениот труд, поради што одлучи како во точката 1 на оваа одлука.

У. бр. 2/79
24 декември 1979 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Асен Групче**, с. р.

53.

Уставниот суд на Македонија, оценувајќи ја уставноста и законитоста на ставот 2 на член 23 од Правилникот за распоредување на чистиот доход и за распределба на средствата за лични доходи и за заедничка потрошувачка на работниците во Централното основното училиште „Благој Кирков" во Титов Велес, донесен со референдум на 23 декември 1977 година и на Одлуката број 165, за зголемување на личните доходи во 1978 година и за измена на членови од правилникот за лични доходи, донесена од советот на Централното основно училиште „Благој Кирков" во Титов Велес, на седницата одржана на 19 јуни 1978 година, на основа членот 433 од Уставот на СР Македонија и алинејата 2 на член 15 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 17 јануари 1980 година, донесе

ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВААТ:

а) ставот 2 на член 23 од Правилникот за распоредување на чистиот доход и за распределба на средствата за лични доходи и за заедничка потрошувачка на работниците во Централното основно училиште „Благој Кирков" во Титов Велес, донесен со референдум на 23 декември 1977 година; и на

б) Одлуката број 165, за зголемување на личните доходи во 1978 година и за измена на членови од правилникот за лични доходи, донесена од советот на Централното основно училиште „Благој Кирков" во Титов Велес, на седницата одржана на 19 јуни 1978 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во Централното основно училиште „Благој Кирков" во Титов Велес на начинот определен за објавување на самоуправните општи акти.

3. Уставниот суд на Македонија, со решението У. бр. 81/79 од 15 ноември 1979 година, поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на актите означени во точката 1 од оваа одлука. Постапката беше поведена затоа што пред Судов основано се постави прашањето за согласноста на одредбата од актот означен под а) на точката 1 на оваа одлука со начелото на наградување според трудот и со ставовите 1 и 2 на член 79 од Законот за основното воспитание и образование. Исто така пред Судов основано се постави прашањето и за согласноста на одлуката означена под б) на точката 1 на оваа одлука со ставот 1 на член 463 од Законот за здружениот труд, со членот 262 од Уставот на СР Македонија, како и со ставовите 1 и 2 на член 79 од Законот за основното воспитание и образование.

4. Разгледувајќи го оспорениот правилник на училиштето, во текот на претходните испитувања и на седницата, Судов утврди дека во ставот 1 на член 23 е прикажана структурата на наставно-воспитните работи и работни задачи со определувањето на потребниот број часови за извршување на одделни дејствија на овие работи и работни задачи. Според ставот 2 на овој член од правилникот работите и работните задачи на извршителот од овој член, според степенот на стручната оспособеност се вреднуваат со следниот бодовен износ за час и тоа: за извршител учител 6.59 бода, за извршител наставник 7,58 и за извршител професор 8,57 бода.

Според ставот 1 на член 79 од Законот за основното воспитание и образование („Службен весник на СРМ" бр. 11/76, 4/77, 9/77 и 48/78) наставници за одделенска настава во основното училиште можат да бидат лица што завршиле филозофски факултет — педагошка група, педагошка академија — отсек за одделенска настава и лица што завршиле учителска школа. Наставници по предметна настава во основното училиште, според ставот 2 од истиот член од означениот закон, можат да бидат лица што завршиле еднопредметна или двопредметна соодветна група за образование на наставници на факултет, висока школа, ликовна академија, музичка академија, педагошка академија или виша школа.

Според мислењето на Судов стручната подготовка, како средство за изразување сложеноста на работите и работните задачи, има значење во системот на распределбата на средствата за личните доходи, така што за работите и работните задачи за кои е предвиден повисок степен на стручна подготовка, значи за кои се смета дека се посложени, оправдано е од гледиштето на начелото на наградувањето според трудот да се предвидува повисоко мерило по основот сложеност во однос на работите и работните задачи за кои е предвиден понизок степен на стручна подготовка. Меѓутоа, во случаите кога за вршење на одредени работи и работни задачи се предвидени повеќе степени на стручна подготовка, вреднувањето на тие работи, се врши според нивната сложеност, а не според подготовката што ја има конкретниот работник. Имено, ако за вршењето на одредени работи и работни задачи алтернативно се утврдени повеќе степени на стручна подготовка тоа значи дека сложеноста на тие работи и работни задачи е таква да може со успех да ги врши секој од работниците што има еден од утврдените степени на стручна подготовка. Поради тоа Судов смета дека при вреднувањето на работите и работните задачи на наставниците, кога е во прашање еднаква сложеност на работите и работните задачи и кога во законот е утврдено дека со било кој од предвидените степени со успех ќе се изведува наставата, мора да се поаѓа од единствени мерила за вреднување на основот сложеност затоа што стручната подготовка е основен елемент за одредување степените на сложеноста на работите и работните задачи. На овој начин не се обезвреднува значењето и влијанието на стручната подготовка во развиен систем на основи и мерила за распределба на средствата за личните доходи според вложениот труд од причина што доколку работникот со повисок степен на стручна подготовка при утврдувањето на конкретните резултати постигнати во работата, покаже дека работите и работните задачи ги извршил со поголем успех по квалитет и квантитет, тогаш тоа ќе се одрази и на неговиот конечен личен доход.

Со оглед на тоа што при вреднувањето на работите и работните задачи на наставно-воспитната работа во основното училиште по основот сложеност е утврден различен износ на бодови односно предвидени се различни мерила само во зависност од степенот на стручната подготовка на наставникот а не се утврдени мерила кои би ја изразувале нивната сложеност, Судов утврди дека ставот 2 на член 23 од оспорениот правилник не е во согласност со начелото на наградување според трудот утврдено во членот 22 од Уставот на СР Македонија, а разработено во ставот 1 на член 126 од Законот за здружениот труд и дека е во спротивност со ставовите 1 и 2 на член 79 од Законот за основното воспитание и образование.

5. Разгледувајќи ја оспорената одлука означена под б) на точката 1 на оваа одлука Судов утврди дека на предлог од комисијата за измени и дополненија на правилникот, а по спроведената општа дискусија, на собирот на работните луѓе одржан на 19 јуни 1978 година е донесена одлуката број 165 за зголемување на личните доходи во 1978 година и измена на членови од правилникот за личните доходи. Всушност, зголемувањето на личните доходи е извршено на начин што мерилата изразени во бодови по однос на стручната подготовка утврдени за одделните извршители на работи и работни задачи се зголемени. Така, според членот 1 од оваа одлука, оспорениот член 23 од правилникот се менува така што за извршителот учител се предвидени 7,329 бода, за извршителот наставник 8,318 и за извршителот професор 9,406 бода. Исто така, се предвидува оваа одлука да се применува од 1 март 1978 година.

Според ставот 1 на член 463 од Законот за здруженот труд работниците во основната организација со референдум, покрај другото, одлучуваат за основите и мерилата за распределба на средствата за лични доходи и за заедничка потрошувачка.

Со оглед на тоа што оспорената одлука е донесена на собир на работните луѓе, а не со референдум, Судов утврди дека таа е во спротивност со Законот за здруженот труд. Ова од причина што референдумот, како форма во која работниците непосредно одлучуваат за најважните односи во организацијата на здруженот труд и во кој интензитетот на волјата на здружените работници доаѓа до најполн израз, претставува значително посигурен облик за изразување на правата волја и мислење на здружените работници, отколку собирот на работните луѓе.

Понатаму, Судов утврди дека членот 1 од оспорената одлука не е во согласност со начелото на наградување според трудот и со ставовите 1 и 2 на член 79 од Законот за основното воспитание и образование затоа што со него, како и во ставот 2 на член 23 од оспорениот правилник за личните доходи, и натаму се задржува различното наградување на извршителите на наставно-воспитните работи и работни задачи според степенот на нивната стручна подготовка, со тоа што само се изменети мерилата односно е зголемен бројот на бодовите.

Судов исто така утврди дека оваа одлука не е во согласност и со начелото на забрана на повратното дејство затоа што според членот 262 од Уставот на СР Македонија законите, другите прописи и општите акти не можат да имаат повратно дејство а само со закон може да се определи одделни негови одредби, ако тоа го бара општиот интерес утврден при донесувањето на законот да имаат повратно дејство. Ова од причина што одлуката е донесена на 19 јуни 1978 година а е предвидено да се применува од 1 март истата година.

На основа изнесеното Судов одлучи како во точката 1 на оваа одлука.

У. бр. 81/79
17 јануари 1980 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
Гога Николоски, с. р.

54.

Уставниот суд на Македонија, оценувајќи ја уставноста и законитоста на Одлуката бр. 1027, донесена од Собранието на Општинската самоуправна интересна заедница за култура во Кратово на 27 декември 1978 година, а објавена во „Службен весник на СРМ" бр. 1 од 24 јануари 1979 година, на основа на членот 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, по одржаната јавна расправа на 31 октомври 1979 година, донесе

ОДЛУКА

1. СЕ ОДБИВА предлогот на Рударско-индустрискиот комбинат „Силекс" од Кратово, за оценување уставноста и законитоста на Одлуката бр. 1027, донесена од Собранието на Општинската самоуправна интересна заедница за култура на 27 декември 1978 година („Службен весник на СРМ" бр. 1 од 24 јануари 1979 година).

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во Општинската самоуправна интересна заедница за култура во Кратово на начинот определен за објавување на самоуправните општи акти.

3. Рударско-индустрискиот комбинат „Силекс" од Кратово на Уставниот суд на Македонија му поднесе предлог за оценување уставноста и законитоста на одлуката означена во точката 1 од оваа одлука. Според наводите во предлогот оспорената одлука била противуставна и незаконита затоа што не била донесена во согласност со ставовите 4 и 5 на член 162 од Уставот на СР Македонија со оглед на тоа што со неа се одлучувало за издвојување на дел од доходот на организациите на здруженот труд за задоволување на заедничките и општите општествени потреби. Според наводите на подносителот на предлогот одлуките со кои се определува стапката на придонесот за култура, ги донесувало собранието на соодветната самоуправна интересна заедница со мнозинството на гласовите на давателите и корисниците на услугите, но тие не можеле да бидат донесени ако истовремено не биле усвоени и од собирот на здруженот труд на соодветното општинско собрание. Оспорената одлука не му била доставена на усвојување на Соборот на здруженот труд на Собранието на општината Кратово и поради тоа подносителот на предлогот смета дека таа е противуставна и незаконита.

4. Во претходната постапка и на јавната расправа Судов утврди дека Собранието на Општинската самоуправна интересна заедница за култура во Кратово на седницата одржана на 27 декември 1978 година донело одлука за утврдување стапките на придонесот за култура за 1979 година, заведена под бр. 1027 („Службен весник на СРМ" бр. 1 од 24 јануари 1979). Со членот 1 од оваа одлука е определена висината на стапките на придонесот од личен доход од работен однос за култура за 1979 година и тоа: придонес од личен доход од работен однос од нестопанство по стапка од 1%, од личен доход на организациите на здруженот труд од стопанството по стапка од 0,90% и придонес од личен доход на земјоделци по стапка од 0.30%. Во членот 2 се определени начинот на пресметувањето и наплатата на придонесот, а во членот 3 од одлуката е предвидено времето на нејзиното влегување во сила.

5. Согласно ставот 3 на член 54 од Уставот на СР Македонија заради задоволување на своите потреби и интереси во самоуправните интересни заедници, работните луѓе од своите лични доходи и од доходот на основните организации на здруженот труд им плаќаат придонес на овие заедници, во согласност со намената односно со целите за кои служат овие средства. На основа ставот 1 на член 55 работниците и другите работни луѓе кои во областа на образованието, науката, културата, здравството и социјалната заштита врз начелата на взаемност и солидарност ги остваруваат своите лични и заеднички потреби и интереси и работниците во организациите на здруженот труд што ги вршат дејностите во тие области, основаат самоуправни интересни заедници во кои остваруваат слободна размена на трудот, здружуваат труд и средства и рамноправно и заеднички одлучуваат за вршењето на тие дејности во согласност со заедничките интереси, ја утврдуваат политиката на развојот и унапредувањето на тие дејности и остваруваат други заеднички интереси. Во ставот 2 од овој член е определено дека меѓусебните односи во овие самоуправни интересни заедници се уредуваат така што се обезбедува правото на работниците и на другите работни луѓе што во нив здружуваат средства да одлучуваат за тие средства и правото на работниците на организациите на здруженот труд што вршат дејности во областа за која е основана интересна заедница, во слободна размена на трудот да остваруваат еднаква општествена економска положба како и работниците во другите организации на здруженот труд. Наведениве уставни одредби се преземени и во Законот за самоуправните интересни заедници за културата („Службен весник на СРМ" бр. 5/74, 16/74, 9/78 и 43/78). Во алинејата 5 на ставот 1 на член 14 од наведениов закон е определено дека собранието на општинската самоуправна интересна заедница за култура утврдува стапки на придонесите на заедницата за културата. Според ставот 4 на член 162 од Уставот на СР Македонија собранијата на самоуправните интересни заедници во областа на образованието, науката, културата, здравството и социјал-

ната заштита одлучуваат рамноправно со надлежните собори на општинските собранија односно на Собранието на Социјалистичка Република Македонија за прашањата од тие области што се во надлежност на соодветното собрание. Согласно ставот 5 од наведениов член, одлука за издвојување на дел од доходот за заеднички и општи општествени потреби и за намената и обемот на средствата за овие потреби не може да се донесе ако не ја усвои соборот на здруженият труд.

Од изнесеново произлегува дека работните луѓе во областа на образованието, науката, културата, здравството и социјалната заштита, како даватели на услугите и работниците во организациите на здруженият труд, другите самоуправни организации и заедници корисници на нивните услуги ги остварува ат своите лични и заеднички потреби во самоуправните интересни заедници од соодветната област со слободна размена на трудот, здружување на труд и средства и заедничко одлучување во согласност со заедничките интереси. Меѓусебните односи во озие самоуправни интересни заедници се уредуваат така што давателите и корисниците на услугите да олдучуваат заеднички. На овој начин т.е. со учеството во определувањето висината на придонесот здруженият труд преку своите делегати во заедницата одлучува за издвојувањето на дел од својот доход и за намената на така издвоениот дел од доходот за потребите на дејностите во областа на образованието, науката, културата и социјалната заштита. Имајки ја предвид ваквата поставеност на самоуправните интересни заедници во општествено-политичкиот систем, Судов смета дека е во согласност со Уставот на СР Македонија и со Законот за самоуправните интересни заедници на културата, собранието на општинската самоуправна интересна заедница за култура во Кратово со своја одлука да ја определува висината на придонесот за култура. Според мислењето на Судов оспорената одлука не може да се оценува во однос на ставот 5 на член 162 од Уставот на СР Македонија затоа што таа одредба од Уставот се однесува на одлуки за издвојување на дел од доходот за заеднички и општи општествени потреби што се донесуваат во рамките на собраниискиот систем или поточно на одлуки што ги донесува Собранието на соодветната општествено-политичка заедница. Според смислата на поменатата одредба од Уставот таквата одлука не може да стане полноважна ако не ја усвои соборот на здруженият труд на собранието на соодветната општествено-политичка заедница. Од ова произлегува дека одлуката на самоуправната интересна заедница за определување висината на стапките на придонесот што ја носат делегатите на здруженият труд во соодветната самоуправна интересна заедница, сфатена и како издвојување на дел од доходот на ОЗТ не спаѓа во оние одлуки за кои станува збор во ставот 5 на член 162 од Уставот на СР Македонија. Според тоа нејзината полноважност неможе да се услови со усвојувањето од страна на соборот на здруженият труд на собранието на соодветната општествено-политичка заедница. Од уставната поставеност на самоуправните интересни заедници произлегува дека и решението содржано во алинејата 5 на ставот 1 на член 14 од Законот за самоуправните интересни заедници на културата, според кое, висината на придонесот за култура ја утврдува собранието на самоуправната интересна заедница е во согласност со Уставот бидејки самоуправните интересни заедници не спаѓаат во собраниискиот систем освен во случаите кога тие одлучуваат како собор рамноправно со другите собори на соодветното собрание, по прашања од надлежноста на собранието а кои се однесуваат на дејноста на соодветната интересна заедница како што е на пример случајот со прашањата од областа на образованието, науката, културата, здравството и социјалната заштита (став 4 на член 162 од Уставот).

Со оглед на тоа што донесувањето на оспорената одлука за утврдување висината на стапките на придонесот на самоуправната интересна заедница за култура, според Уставот и законот, спаѓа во исклучива надлежност на собранието на самоуправната интересна заедница, Судов оцени дека таа не е несогласна со ставот 5 на член 162 од Уставот, ниту е во спротивност со алинејата 5 на ставот 1 на член 14 од Законот за самоуправните интересни заедници на културата.

Со оглед на изнесеново Судов одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 103/79
31 октомври 1979 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Асен Групче**, с. р.

55.

Уставниот суд на Македонија, оценувајќи ја уставноста и законитоста на Одлуката бр. 35/2 донесена од Собранието на општинската самоуправна интересна заедница за воспитание и образование во Кратово на 16 февруари 1979 година, врз основа на членот 433 од Уставот на СР Македонија и на основа членот 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, по одржаната јавна расправа на 31 октомври 1979 година, донесе

ОДЛУКА

1. СЕ ОДБИВА предлогот на Рударско-индустрискиот комбинат „Силекс" од Кратово за оценување уставноста и законитоста на Одлуката бр. 35/2, донесена од Собранието на Општинската самоуправна интересна заедница за воспитание и образование на 16 февруари 1979 година („Службен весник на СРМ" бр. 13 од 25 април 1979 година).

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во Општинската самоуправна интересна заедница за воспитание и образование во Кратово на начинот определен за објавување на самоуправните општи акти.

3. Рударско-индустрискиот комбинат „Силекс" од Кратово на Уставниот суд на Македонија му поднесе предлог за оценување уставноста и законитоста на одлуката означена во точката 1 од оваа одлука. Според наводите во предлогот оспорената одлука била противуставна и незаконита затоа што не била донесена во согласност со ставовите 4 и 5 на член 162 од Уставот на СР Македонија со оглед на тоа што со неа се одлучувало за издвојување на дел од доходот на организациите на здруженият труд за задоволување на заедничките и општите општествени потреби. Според наводите на подносителот на предлогот одлуките со кои се определува стапката на придонесот од личен доход од работен однос за воспитание и образование, ги донесувало собранието на соодветната самоуправна интересна заедница со мнозинството на гласовите на давателите и со мнозинство корисниците на услугите, но тие неможеле да бидат донесени ако не биле усвоени и од соборот на здруженият труд на соодветното општинско собрание. Оспорената одлука не му била доставена на усвојување на Соборот на здруженият труд на Собранието на општината Кратово и поради тоа подносителот на предлогот смета дека таа е противуставна и незаконита.

4. Во претходната постапка и на јавната расправа Судов утврди дека Собранието на општинската самоуправна интересна заедница за воспитание и образование во Кратово на седницата одржана на 16 февруари 1979 година донело одлука за утврдување стапките на придонесот за образование и воспитание за 1979 година бр. 35/2. Со членот 1 од оваа одлука е определена висината на стапките на придонесот од личен доход од работен однос за воспитание и образование за 1979 година и тоа: 5% од личен доход од работен однос (на бруто личен доход), 1% од личен доход од вршење земјоделска дејност и 10% од личен доход од са-

мостојно вршење на стопанска и професионална дејност. Во членот 2 се определени начинот на пресметувањето и наплатата на придонесот а во членот 3 од одлуката е предвидено времето на нејзиното влегување во сила.

5. Согласно ставот 3 на член 54 од Уставот на СР Македонија заради задоволување на своите потреби и интереси во самоуправните интересни заедници, работните луѓе од своите лични доходи и од доходот на основните организации на здружениот труд им плаќаат придонес на овие заедници, во согласност со намената односно со целите за кои служат овие средства. На основа ставот 1 на член 55 работниците и другите работни луѓе, кои во областа на образованието, науката, културата, здравството и социјалната заштита, врз начелата на заемност и солидарност ги остварува ат своите лични и заеднички потреби и интереси и работниците во организациите на здружениот труд што ги вршат дејностите во тие области, основаат самоуправни интересни заедници во кои остваруваат слободна размена на трудот, здружуваат труд и средства и рамноправно и заеднички одлучуваат за вршењето на тие дејности во согласност со заедничките интереси, ја утврдуваат политиката на развојот и унапредувањето на тие дејности и остваруваат други заеднички интереси. Во ставот 2 од овој член е определено дека меѓусебните односи во овие самоуправни интересни заедници се уредуваат така што се обезбедува правото на работниците и на другите работни луѓе што во нив здружуваат средства да одлучуваат за тие средства и правото на работниците на организациите на здружениот труд што вршат дејности во областа за која е основана интересна заедница, во слободната размена на трудот да остваруваат еднаква општествено-економска положба како и работниците во другите организации на здружениот труд. Наведениве уставни одредби се преземени и во Законот за самоуправните интересни заедници за воспитание и образование во членовите 3, 4 и 13. Во ставот 2 на член 13 е определено дека висината на придонесите од личниот доход на работниците, личниот доход од самостојно вршење стопанска дејност и од личниот доход од самостојно вршење земјоделска дејност ја утврдува собранието на општинската заедница за образование и воспитание. Според ставот 4 на член 162 од Уставот на СР Македонија собранијата на самоуправните интересни заедници во областа на образованието, науката, културата, здравството и социјалната заштита одлучуваат рамноправно со надлежните собори на општинските собранија односно на Собранието на Социјалистичка Република Македонија за прашањата од тие области што се во надлежност на соодветното собрание. Согласно ставот 5 од наведениов член, одлука за издвојување на дел од доходот за заеднички и општи општествени потреби и за намената и обемот на средствата за овие потреби не може да се донесе ако не ја усвои соборот на здружениот труд.

Од изнесеново произлегува дека работните луѓе во областа на образованието, науката, културата, здравството и социјалната заштита, како даватели на услугите и работниците во организациите на здружениот труд, другите самоуправни организации и заедници корисници на нивните услуги ги остваруваат своите лични и заеднички потреби во самоуправните интересни заедници од соодветната област со слободна размена на трудот, здружување на труд и средства и заеднички одлучување во согласност со заедничките интереси. Меѓусебните односи во овие самоуправни интересни заедници се уредуваат така што давателите и корисниците на услугите да одлучуваат заеднички. На овој начин т. е. со учеството во определувањето на висината на придонесот здружениот труд преку своите делегати во заедницата одлучува за издвојувањето на дел од својот доход и за намената на така издвоениот дел од доходот за потребите на дејностите во областа на образованието, науката, културата и социјалната заштита. Имајќи ја предвид ваквата поставеност на самоуправните интересни заедници во општествено-политичкиот систем Судов смета дека е во согласност со Уставот на СР Македонија и со Законот за самоуправните интересни заедници за воспитание и образование собранието на општинската самоуправна интересна заедница за воспитание и образование во Кратово со своја одлука да ја определува висината на придонесот за воспитание и образование. Според мислењето на Судов оспорената одлука не може да се оценува во однос на ставот 5 на член 162 од Уставот на СР Македонија затоа што таа одредба од Уставот се однесува на одлуки за издвојување на дел од доходот за заеднички и општи општествени потреби што се донесуваат во рамките на собраниското систем или поточно на одлуки што ги донесува соодветната општествено-политичка заедница. Според смислата на поменатата одредба од Уставот таквата одлука не може да стане полноважна ако не ја усвои соборот на здружениот труд на соодветната општествено-политичка заедница. Од ова произлегува дека одлуката на самоуправната заедница за определување висината на стапките на придонесот што ја носат делегатите на здружениот труд во соодветната самоуправна интересна заедница, сфатена и како издвојување на дел од доходот на ОЗТ не спаѓа во оние одлуки за кои станува збор во ставот 5 на член 162 од Уставот на СР Македонија. Според тоа нејзината полноважност неможе да се услови со усвојувањето од страна на соборот на здружениот труд на соодветната општествено-политичка заедница. Од уставната поставеност на самоуправните интересни заедници произлегува дека и решението содржано во ставот 2 на член 13 од Законот за самоуправните интересни заедници за воспитание и образование според кое висината на придонесот за воспитание и образование ја утврдува собранието на самоуправната интересна заедница е во согласност со Уставот бидејќи самоуправните интересни заедници не спаѓаат во собраниското систем освен во случаите кога тие одлучуваат како собор рамноправно со другите собори на соодветното собрание, по прашања од надлежноста на собранието а кои се однесуваат на дејноста на соодветната интересна заедница како што е на пример случајот со прашањата од областа на образоавнието, науката, културата, здравството и социјалната заштита (став 4 на член 162 од Уставот).

Со оглед на тоа што донесувањето на оспорената одлука за утврдување висината на стапките на придонесот на самоуправната интересна заедница за воспитание и образование, според Уставот и законот, спаѓа во исклучива надлежност на собранието на самоуправната интересна заедница, Судов оцени дека тоа не е во несогласност со ставот 5 на член 162 од Уставот, ниту е во спротивност со ставот 2 на член 13 од Законот за самоуправните интересни заедници за воспитание и образование.

Со оглед на изнесеново Судов одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 104/79
31 октомври 1979 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Асен Групче**, с. р.

56.

Уставниот суд на Македонија, оценувајќи ја уставноста и законитоста на членот 40 од Правилникот за распоредување на чистиот доход и за распределба на средствата за лични доходи и за заедничка потрошувачка, донесен од работниците во Основното училиште „Крсте Мисирков" од Скопје со референдум одржан на 29 декември 1977 година, на основа членот 433 од Уставот на СР Македонија и алинејата 2 на член 15 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 17 јануари 1980 година, донесе

ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА членот 40 од Правилникот за распоредување на чистиот доход и за распределба на средствата за лични доходи и за заедничка потрошувачка, донесен од работниците во Основното училиште „Крсте Мисирков" во Скопје со референдум од 29 декември 1977 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во Основното училиште „Крсте Мисирков" во Скопје, на начинот определен за објавување на самоуправните општи акти.

3. Уставниот суд на Македонија, со решението У. бр. 186/79 од 15 ноември 1979 година, поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на членот 40 од Правилникот означен во точката 1 на оваа одлука. Постапката беше поведена поради тоа што со оспорениот член е предвидено вреднување на стручната подготовка како самостоен основ, надвор од основот сложеност и поради тоа што различно се вреднува трудот на наставниците за извршување на исти работи и работни задачи, и тоа во зависност од степенот на стручната подготовка на наставниците.

4. Разгледувајќи го оспорениот правилник во текот на претходните испитувања и на седницата Судов утврди дека според членот 49 за извршување на работите и работните задачи, освен по основот сложеност на наставниците се даваат уште 192 бода а на професорите по 206 бода. Од изнесеното произлегува дека стручната подготовка се третира како самостоен основ за наградување надвор од основот сложеност и независно од вистинскиот придонес на работникот како и тоа дека се врши различно вреднување на исти работи и работни задачи во зависност од степенот на стручната подготовка.

5. Според членот 22 од Уставот на СР Македонија и членот 126 од Законот за здружениот труд, на секој работник со порастот на продуктивноста на неговиот труд и вкупниот општествен труд и со начелото на солидарноста на работниците во здружениот труд му припаѓа од доходот на основната организација на здружениот труд личен доход за задоволување на неговите лични, заеднички и општи општествени потреби според резултатите од неговиот труд и неговиот личен придонес што со својот тековен и минат труд го дал во зголемувањето на доходот на основната организација.

Од друга страна според ставот 1 на член 79 од Законот за основното воспитание и образование („Службен весник на СРМ" бр. 11/76, 4/77, 9/77 и 48/78), наставници за одделенска настава во основно училиште можат да бидат лица што завршиле филозофски факултет — педагошки група и педагошка академија — отсек за одделенска настава и лица што завршиле учителска школа. Наставници по предметна настава во основно училиште, според ставот 2 од истиот член од означениот закон, можат да бидат лица што завршиле еднопредметна или двопредметна соодветна група за образование на наставници на факултет, висока школа, ликовна академија, музичка академија, педагошка академија или виша школа.

Според мислењето на Судов стручната подготовка, како средство за изразување сложеноста на работите и работните задачи, има значење во системот на распределбата на средствата за лични доходи, така што за работите и работните задачи за кои е предвиден повисок степен на стручна подготовка, значи за кои се смета дека се посложени, оправдано е од гледиштето на начелото на наградување според трудот да се предвидува повисоко мерило по основот сложеност во однос на работите и работните задачи за кои е предвиден понизок степен на стручна подготовка. Меѓутоа, во случаите кога за вршење на одредени работи и работни задачи се предвидени повеќе степени на стручна подготовка, како што е предвидено во ставовите 1 и 2 на член 79 од Законот за основното воспитание и образование, тоа значи дека сложеноста на тие работи и работни задачи е таква што може да ги врши со успех секој од работниците кој има еден од утврдените степени на стручна подготовка. Поради тоа при вреднувањето на работите и работните задачи на наставниците со оглед на еднаквата сложеност мора да се поаѓа од единствени мерила за основот сложеност. Според мислењето на Судов, на овој начин не се обезвреднува значењето и влијанието на стручната подготовка во системот на основите и мерилата за распределба на средствата за лични доходи според вложениот труд затоа што, доколку работникот со повисок степен на стручна подготовка при утврдувањето на конкретните резултати постигнати во работата, покаже дека работите и работните задачи ги извршил со поголем успех по квалитет и квантитет тогаш тоа треба да се одрази на неговиот конечен личен доход.

Со оглед на тоа што со оспорениот член 40 од правилникот за распределба на средствата за лични доходи во училиштето е предвидено вреднување на стручната подготовка како самостоен основ, надвор од основот сложеност и поради тоа што различно се вреднува трудот на наставниците за стручно извршување на исти работи и работни задачи, и тоа во зависност од степенот на стручната подготовка на наставниците, Судов утврди дека оспорениот член не е во согласност со начелото на наградување според трудот утврдено во членот 22 од Уставот на СР Македонија, а разработено во ставот 1 на член 126 од Законот за здружениот труд, и дека е во спротивност со ставовите 1 и 2 на член 79 од Законот за основното воспитание и образование.

На основа изнесеното Судов одлучи како во точката 1 на оваа одлука.

У. бр. 186/79
17 јануари 1980 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
Гога Николоски, с. р

57.

Уставниот суд на Македонија, оценувајќи ја уставноста и законитоста на деловите од членот 11 од Правилникот за основите и мерилата за распределба на средствата за лични доходи и надоместоците на личните доходи на Централното основно училиште „Гоце Делчев" од Гостивар, донесен на референдумот одржан на 28 декември 1977 година со измените и дополнувањата извршени на референдумот одржан на 25 април 1979 година, во поглед на вреднувањето работите и работните задачи на наставниот персонал по основот организирање и изведување настава (стручност), на основа членот 433 од Уставот на СР Македонија и членот 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 10 јануари 1980 година, донесе

ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВААТ точките под 1 на сите делови кои се однесуваат на наставниците по предметна и одделенска настава на изменетиот член 11

од Правилникот за основите и мерилата за распределба на средствата за лични доходи и надоместоците на личните доходи на Централното основно училиште „Гоце Делчев" од Гостивар, донесен на референдумот одржан на 28 декември 1977 година, во поглед на вреднувањето на работите и работните задачи на наставниот персонал по основот организирање и изведување на настава (стручност).

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во Централното основно училиште „Гоце Делчев" од Гостивар на начинот определен за објавување на самоуправните општи акти.

3. По повод поднесена претставка Уставниот суд на Македонија поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на деловите од членот 11 од Правилникот означен во точката 1 од оваа одлука затоа што основано се постави прашањето за неговата согласност со членот 22 од Уставот на СР Македонија и ставот 1 на член 126 од Законот за здружениот труд, бидејќи на наставниците кои изведуваат одделенска односно предметна настава, по основот стручна подготовка им е определен различен број на бодови.

4. Во претходните испитувања Судов утврди дека во членот 11 од оспорениот правилник се определени основи и мерила за вреднување на работите и работните задачи на работниците во предметна и одделенска настава (организирање и изведување на настава — стручност), соработка со родители, воннаставна активност, евиденција и администрација, учество во целокупната работа и животот во училиштето, подготовки за настава и одговорност. За сите овие основи дадени се и мерила при кое посебно е вреднувана предметната настава на професорите, наставниците и стручните учители, како и лицата во договорен однос од I категорија (лица без средно стручно образование — учителска школа, со економско училиште или друго средно училиште, апсолвент на факултет или педагошка академија) и договорните лица од II категорија (вработени во настава со завршено више или високо образование кои предаваат несоодветен предмет). По тие основи одредени се мерила и за одделенската настава.

При определувањето на мерилата кај предметната настава по основот организирање и изведување на настава (стручност) за исти работи и работни задачи на професорите им се определени 200 бода, на наставниците 163 бода, на лицата со средно образование (стручни учители) 118 бода, на договорните од I категорија 80 бода, а на договорните од II категорија 99 бода. Во одделенската настава на професорите им се определени 200 бода, на наставниците 163, а на учителите 118 бода.

5. Според членот 22 од Уставот на СР Македонија на секој работник со порастот на продуктивноста на неговиот труд и вкупниот општествен труд и со начелото на солидарноста на работниците во здружениот труд му припаѓа од доходот на основната организација на здружениот труд личен доход за задоволување на неговите лични, заеднички и општи општествени потреби, според резултатите од неговиот труд и неговиот личен придонес што со својот тековен и минат труд го дал во зголемувањето на доходот на основната организација. Исто така и според ставот 1 на член 126 од Законот за здружениот труд личниот доход на работникот се утврдува според резултатите од неговиот труд и според неговиот личен придонес што со својот тековен труд и со управувањето и стопанисувањето со општествените средства, како и со свој и општествен минат труд, го дал за зголемувањето на доходот на основната организација, во согласност со начелото на распределбата според трудот и сразмерно со порастот на продуктивноста на својот труд и на трудот на работниците во другите основни организации со кои ги здружил трудот и средствата, и на вкупниот општествен труд.

Од друга страна според ставот 1 на член 79 од Законот за основното воспитание и образование („Службен весник на СРМ" бр. 11/76) наставници за одделенска настава во основно училиште можат да бидат лица што завршиле филозофски факултет — педагошка група и педагошка академија — отсек за одделенска настава и лица што завршиле учителска школа. Наставници по предметна настава во основно училиште, според ставот 2 од овој член можат да бидат лица што завршиле еднопредметна или двопредметна соодветна група за образование на наставници на: факултет, висока школа, ликовна академија, музичка академија, педагошка академија или виша школа.

Според мислењето на Судов стручната подготовка, како средство за изразување сложеноста на работите и работните задачи, има значење во системот на распределбата за средствата за личните доходи, така што за работите и работните задачи за кои е предвиден повисок степен на стручна подготовка, значи за кои се смета дека се посложени, оправдано е од гледиштето на начелото на наградување според трудот да се предвидува повисоко мерило по основот сложеност во однос на работите и работните задачи за кои е предвиден понизок степен на стручна подготовка. Меѓутоа, во случаите кога за вршење на одредени работи и работни задачи се предвидени повеќе степени на стручна подготовка вреднувањето на тие работи се врши според нивната сложеност, а не според стручната подготовка што ја има конкретниот работник. Имено, ако за вршењето на одредени работи и работни задачи алтернативно се утврдени повеќе степени на стручна подготовка тоа значи дека сложеноста на тие работи и работни задачи е таква да може со успех да ги врши секој од работниците што има еден од пропишаните степени на стручна подготовка. Поради тоа Судов смета дека при вреднувањето на работите и работните задачи на наставниците, кога е во прашање еднаква сложеност на работите и работните задачи и кога со законот е утврдено дека со било кој од предвидените степени на стручна подготовка со успех ќе се изведува наставата, мора да се поаѓа од единствени мерила за вреднување на основот сложеност затоа што стручната подготовка е основен елемент за одредување степените на сложеноста на работите и работните задачи. На овој начин не се обезвреднува значењето и влијанието на стручната подготовка во развиен систем на основи и мерила за распределба на средствата за личните доходи според вложениот труд од причина што доколку работникот со повисок степен на стручна подготовка при утврдувањето на конкретните резултати постигнати во работата, покаже дека работите и работните задачи ги извршил со поголем успех по квалитет и квантитет, тогаш тоа треба да се одрази и на неговиот конечен личен доход.

Со оглед на тоа што при вреднувањето на работите и работните задачи на наставно-воспитната работа во предметната и одделенската настава, по основот сложеност е утврден различен износ на бодови односно предвидени се различни мерила само во зависност од степенот на стручната подготовка на наставникот, Судов оцени дека деловите од изменетиот член 11 од оспорениот правилник означени во точката 1 од оваа одлука не се во согласност со начелото за наградување според трудот утврдено во членот 22 од Уставот на СР Македонија, а разработено во ставот 1 на член 126 од Законот за здружениот труд и е во спротивност со ставовите 1 и 2 на член 79 од Законот за основното воспитание и образование.

На основа изнесеното Судов одлучи како во точката 1 на оваа одлука.

У. бр. 196/79
10 јануари 1980 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
Гога Николоски, с. р

ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

РЕПУБЛИЧКА ЗАЕДНИЦА ЗА СТАРОСНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ

113.

Врз основа на член 27 став 2 од Законот за старосно осигурување на земјоделците („Службен весник на СРМ", бр. 15/78) и член 15 од Статутарната одлука на Републичката самоуправна интересна заедница за старосно осигурување на земјоделците („Службен весник на СРМ", бр. 45/78), Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за старосно осигурување на земјоделците, на седницата одржана на 24 декември 1979 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА МИНИМАЛНАТА СТАРОСНА ПЕНЗИЈА И СЕМЕЈНАТА ПЕНЗИЈА ДО ВИСИНАТА НА МИНИМАЛНАТА СТАРОСНА ПЕНЗИЈА СО ПОРАСТОТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ЖИВОТОТ ВО 1979 ГОДИНА

I

Со оваа одлука се усогласуваат минималната старосна пензија и семејната пензија до висината на минималната старосна пензија со порастот на трошоците за живот во 1979 година за 20%.

II

Основица за определување износот на зголемувањето на пензиите од точка I на оваа одлука претставува износот на пензијата што на корисникот на пензија му припаѓал за месец декември 1979 година.

III

Зголемувањето на пензиите според оваа одлука припаѓа сметано од 1 јануари 1980 година.

IV

Усогласувањето на пензиите според оваа одлука ќе се изврши по службена должност, без донесување на решение.

V

Усогласувањето на пензиите според оваа одлука е извршено во согласност со Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

VI

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1980 година.

Бр. 01-83/2
24 декември 1979 година
Скопје

Претседател,
Лазо Добрушевски, с. р.

ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА ГРАД СКОПЈЕ

114.

Врз основа на член 199 став 1, точка 6 од Статутот на Заедницата на здравството и здравственото осигурување на град Скопје, Собранието на Заедницата на здравството и здравственото осигурување на град Скопје, на седницата на Соборот на делегатите на корисниците на услуги — работници и Соборот на делегатите на давателите на услуги, одржана на 27 февруари 1980 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСОЧИНАТА НА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ

Член 1

Стапката на придонесите за здравствено осигурување на работниците се утврдува на 6,2 и тоа:

— 2,9% за задолжителни видови на здравствена заштита, и

— 3,3% за здравствена заштита што самостојно ја утврдува Заедницата.

Член 2

Стапката на придонесот за здравствено осигурување во случај на несреќа на работа и заболување од професионални болести се утврдува на 0,4%.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1980 година.

Бр. 02-2672/7
27 февруари 1980 година
Скопје

Претседател,
д-р **Миле Хаџи — Василев,** с. р.

115.

Врз основа на член 200 став 1 точка 5 од Статутот на Заедницата на здравството и здравственото осигурување на град Скопје, Собранието на Заедницата на здравството и здравственото осигурување на град Скопје, на седницата на Соборот на делегатите на корисниците на услугите — земјоделци и Соборот на делегатите на давателите на услугите, одржана на 27 февруари 1980 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСОЧИНАТА НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ

Член 1

Височината на придонесите за здравствено осигурување на земјоделците се утврдува:

— со стапка од 20% придонес од личен доход од земјоделска дејност, и

— 40 динари придонес по член на домаќинството на осигуреникот.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1980 година.

Бр. 02-2672/7
27 февруари 1980 година
Скопје

Претседател,
д-р **Миле Хаџи — Василев,** с. р.

РЕПУБЛИЧКА ЗАЕДНИЦА ЗА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

116.

Врз основа на член 20 од Законот за самоуправните интересни заедници за воспитание и образование („Службен весник на СРМ" бр. 9/78) и член 41 од Статутот на Републичката самоуправна интересна заедница за основно образование, Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за основно образование, на седницата од 25 декември 1979 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА УТВРДУВАЊЕ СТАПКА НА ПРИДОНЕС ОД ЛИЧЕН ДОХОД ОД РАБОТЕН ОДНОС ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СРЕДСТВА НА РЕПУБЛИЧКАТА САМОУПРАВНА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА 1980 ГОДИНА

Член 1

За обезбедување финансиски средства за извршување на задачите утврдени со Законот за самоуправните интересни заедници за воспитание и образование се утврдува придонес од личниот доход од работен однос за Републичката самоуправна интересна заедница за основно образование за 1980 година.

Член 2

Придонесот од личниот доход од работен однос од претходниот член за 1980 година се утврдува со стапка од 1%.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила по добивање на согласност од Собранието на Социјалистичка Република Македонија, а ќе се применува од 1 јануари 1980 година и ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 02-401
26 декември 1979 година
Скопје

Претседател,
Марија Заковска, с. р.

ЗАЕДНИЦА НА ФИЗИЧКАТА КУЛТУРА — ГОСТИВАР

117.

Врз основа на член 14, 20 и 27 од Законот за самоуправните интересни заедници на физичката култура („Службен весник на СРМ", бр. 5/74) и член 6 и 18 од Самоуправната спогодба за основање на Општинска заедница на физичката култура во Гостивар, Собранието на Општинската заедница на физичката култура, на седницата одржана на 21 декември 1979 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА УТВРДУВАЊЕ СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ НА ОПШТИНСКАТА ЗАЕДНИЦА НА ФИЗИЧКАТА КУЛТУРА — ГОСТИВАР

I

Со оваа одлука се определуваат стапките на придонесите и тоа: придонес од доходот на основните организации на здружен труд и придонес од личен доход од работен однос, од кои извори се обезбедуваат средствата на Општинската заедница на физичката култура — Гостивар.

II

Стапките на придонес кои се утврдуваат ќе изнесуваат:

1. придонесот од доходот на основните организации на здружен труд од 0,15% се зголемува на 0,19%;

2. придонесот од личен доход од работен однос од 0,10% се зголемува на 0,15%.

III

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1980 година и ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 0206-2
21 декември 1979 година
Гостивар

Претседател,
Фиданоски Гале, с. р.

ЗАЕДНИЦА НА ФИЗИЧКАТА КУЛТУРА — КРАТОВО

118.

Врз основа на член 34 од Законот за физичка култура и самоуправните интересни заедници на физичката култура („Службен весник на СРМ", бр. 5/74), член 6 став 3 од Самоуправната спогодба за здружување на средства во Републичката СИЗ на физичката култура и член 17 од Статутот на Општинската самоуправна интересна заедница на физичката култура — Кратово, Собранието на Општинската самоуправна интересна заедница на физичката култура — Кратово, на седницата одржана на 21 јануари 1980 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА УТВРДУВАЊЕ СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ НА ОПШТИНСКАТА СИЗ НА ФИЗИЧКАТА КУЛТУРА И ЗА ЗДРУЖУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ВО РЕПУБЛИЧКАТА СИЗ НА ФИЗИЧКАТА КУЛТУРА ВО 1980 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат стапките на придонесите што ги плаќаат основните организации на здружен труд од доходот и работните луѓе од личниот доход, заради обезбедување средства на Општинската СИЗ на физичката култура и за здружување средства во Републичката СИЗ на физичката култура.

Член 2

Во 1980 година се утврдуваат стапки на придонес и тоа:

— 0,10% придонес од доходот на основните организации на здружен труд;

— 0,30% придонес од личен доход од работен однос.

Член 3

Од основот утврден од член 1 од оваа одлука Општинската СИЗ на физичката култура — Кратово здружува средства во Републичката СИЗ на физичката култура со издвојување на:

— 0,04% од доходот на основните организации на здружен труд на општината и

— 0,05% од личен доход од работен однос од нестопанство.

Вкупниот износ на средствата што Општинската СИЗ на физичката култура — Кратово ги здружува во Републичката СИЗ на физичката култура и месечниот износ на средствата ќе се утврдат со посебен договор.

Член 4

Пресметувањето и уплатата на здружените средства ќе ги врши Службата на општественото книговодство.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1980 година.

Бр. 01-15
21 јануари 1980 година
Кратово

Претседател,
Стојан Доневски, с. р.

ЗАЕДНИЦА НА ФИЗИЧКАТА КУЛТУРА — ТЕТОВО

119.

Врз основа на член 33 од Законот за физичката култура и самоуправните интересни заедници на физичката култура и член 14 од Статутот на СИЗ на физичката култура, Собранието на Заедницата, на седницата одржана на 24 декември 1979 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА УТВРДУВАЊЕ СТАПКИТЕ НА ОПШТИНСКАТА САМОУПРАВНА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА НА ФИЗИЧКАТА КУЛТУРА — ТЕТОВО И РЕПУБЛИЧКАТА ЗАЕДНИЦА НА ФИЗИЧКАТА КУЛТУРА — СКОПЈЕ ЗА 1980 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат стапките што ги плаќаат основните организации на здружен труд заради обезбедување средства на Општинската СИЗ на физичката култура — Тетово и Републичката заедница на физичката култура — Скопје.

Член 2

Во 1980 година се утврдуваат збирните стапки на придонеси:

1. придонес од доходот на ООЗТ, по стапка од 0,14 (во која е содржана стапката за Општинската

СИЗ на физичката култура, Тетово — 0, 10% и за Републичката заедница на физичката култура, Скопје — 0,04%);

2. придонес од личен доход од работен однос од нестопанска дејност по стапка од 0,15, во која е содржана стапката на Општинската СИЗ на физичката култура, Тетово — 0,10 и Републичката заедница на физичката култура, Скопје — 0,05%.

Распределбата ќе се врши според процентуалното учество на утврдените и пропишаните стапки и тоа:

— од придонес од доходот на ООЗТ на Општинската СИЗ на физичката култура — 71,43%, а за Републичката заедница на физичката култура — 28,57%;

— од придонесот од личен доход од работен однос од нестопанска дејност: за Општинската СИЗ на физичката култура — 66,67%, а за Републичката заедница на физичката култура — 33,33%.

Издвојувањето и пресметувањето ќе го врши СОК — Тетово;

3. придонес од личен доход од земјоделска дејност, 0,30%;

4. придонес од личен доход од самостојно вршење на дејност, 0,10%.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1980 година.

Бр. 0802
24 декември 1979 година
Тетово

Претседател,
Панче Мартиноски, с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА — ТЕТОВО

120.

Врз основа на член 67 од Законот за определени облици на општествената заштита на децата и за самоуправните интересни заедници за општествена заштита на децата („Службен весник на СРМ", бр. 5/74 и 9/78) и член 57 од Статутот на Општинската самоуправна интересна заедница за општествена заштита на децата — Тетово, Собранието на Општинската самоуправна интересна заедница за општествена заштита на децата, на седницата одржана на 24 декември 1979 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА УТВРДУВАЊЕ СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ОД ЛИЧЕН ДОХОД НА ОПШТИНСКАТА САМОУПРАВНА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА — ТЕТОВО ЗА 1980 ГОДИНА

I

Со оваа одлука се утврдува стапката на придонесот од личен доход за Општинската самоуправна интересна заедница за општествена заштита на децата — Тетово.

II

Висината на придонесот изнесува:

— придонес од личен доход од работен однос, 0,50%;

— придонес од личен доход од земјоделска дејност, 0,30%;

— придонес од личен доход од самостојно вршење на стопанска дејност, 0,50%;

— придонес од самостојно вршење на нестопанска дејност, 0,50%.

III

Со донесувањето на оваа одлука престанува да важи Одлуката бр. 10187 од 26. XII. 1978 година.

IV

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1980 година.

Бр. 0801-2172
24 декември 1979 година
Тетово

Претседател,
Керим Јонузи, с. р.

ЗАЕДНИЦА НА КУЛТУРАТА — ТЕТОВО

121.

Врз основа на член 14 од Законот за самоуправните интересни заедници на културата („Службен весник на СРМ", бр. 5/74) и член 25 од Статутот на Општинската самоуправна интересна заедница на културата — Тетово, Собранието на Заедницата, на седницата одржана на 14 февруари 1980 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА УТВРДУВАЊЕ СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ НА ОПШТИНСКАТА САМОУПРАВНА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА НА КУЛТУРАТА — ТЕТОВО

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат стапките на придонесите на доходот од ОЗТ од стопанство, личниот доход од работен однос од нестопанска дејност, личен доход од земјоделска дејност и личен доход од професионална дејност заради обезбедување средства на ОСИЗ на културата — Тетово и здружување на средства за развој на творештвото и културните дејности од општ интерес за Републиката.

Член 2

Во 1980 година се утврдуваат следните стапки на придонеси и тоа:

1. придонес од доход во стопанството, по стапка од 0,41;

2. придонес од личен доход од работен однос од нестопанска дејност, по стапка од 0,30;

3. придонес од земјоделска дејност, по стапка од 0,30 и

4. придонес од професионална дејност, 0,50.

Член 3

Во однос на обврзниците, основицата, пресметувањето и уплатувањето на придонесот на култура ќе се применуваат одредбите од член 1 од Законот за изменување на Законот за самоуправните интересни заедници на културата („Службен весник на СРМ", бр. 43/78), член 26, 27 и 28 од Законот за СИЗ на културата („Службен весник на СРМ; бр. 5/74).

Член 4

Од основот утврден во член 1 од оваа одлука, Општинската СИЗ на културата Тетово за развојот на творештвото и културните дејности од општ интерес за Републиката здружува средства во Републичката заедница на културата со издвојување на:

— 0,31% од доходот во стопанството и

— 0,20% од личниот доход од работен однос од нестопанство.

Вкупниот износ на средствата што ОСИЗ на културата ги здружува во Републичката заедница на културата и месечниот износ на средствата ќе се утврдат со посебен договор.

Член 5

Пресметувањето и уплатувањето на здружените средства ќе ги врши Службата на општественото книговодство.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и ќе се применува од 1 јануари 1980 година.

Бр. 41
14 февруари 1980 година
Тетово

Претседател,
Касам Мурсели, с. р.

МАЛИ ОГЛАСИ

Се огласуваат за неважни следниве загубени документи:

Здравствена легитимација, издадена од Скопје на име Ајша Ферати, Скопје. (3520)

Индекс бр. 7273, издаден од Медицинскиот факултет во Скопје на име Гордана Србинац, Врање. (3521)

Свидетелства за III и IV година и свидетелство за завршен испит, издадени од Гимназијата „Никола Карев" во Скопје на име Саша Станчевски, Скопје. (3522)

Работна книшка на име Љубе Доневски, с. Славеј, Прилеп. (3523)

Свидетелство за IV година на име Петре Блажески, ул. „Беласица" бр. 12, Прилеп. (3524)

Воена книшка на име Влада Давиткова, с. Градец, Крива Паланка. (3525)

Свидетелство за VIII одделение на име Шефит Алиоски, с. Пласница, Македонски Брод. (3526)

Свидетелство за положен матурски испит на име Давчева Марија, ул. „Благој Нечев" бр. 11, Титов Велес. (3527)

Свидетелство за VIII одделение на име Тодорка Манева, ул. „К. Мисирков" бр. 17, Титов Велес. (3528)

Свидетелства за III и IV година на име Лилјана Иванова, ул. „М. Горки" бр. 66, Титов Велес. (3529)

Студентска легитимација бр. 12172 на име Панде Весовски, нас. Чашка, Титов Велес. (3530)

Свидетелство за III година на име Небојша Ѓорѓиевски, ул. „137" бр. 24, Тетово. (3531)

Свидетелство за III година на име Музафер Лаки, ул. „Београдска" бр. 16, Гостивар. (3532)

Свидетелства за I и II година на име Зорка Ѓурчиноска, ул. „М. Угринова" бб, Гостивар. (3533)

Свидетелства за I и II година на име Мирослав Китановиќ, ул. „Г. Делчев" бр. 18, Гостивар. (3534)

Свидетелство за основно училиште на име Насир Хасани, с. Неготино, Гостивар. (3535)

Свидетелство за VIII одделение на име Стојка Ѓорѓиева, с. Лазово, Пробиштип. (3536)

Свидетелство за завршен III клас, издадено од Гимназијата во Тетово на име Василије Смилевски, Тетово. (3537)

Воена книшка, издадена од Призрен на име Димитрија Трајковски, Скопје. (3538)

Свидетелство за завршена III година, издадено од Гимназијата „Гоце Делчев" во Куманово на име Верка Петковска, Куманово. (3539)

Диплома за положен завршен испит, издадена од Гимназијата „Гоце Делчев" во Куманово на име Насер Бајрами, Куманово. (3540)

Свидетелства за I, II и III година, издадени од ГУЦ „Здравко Цветковски" во Скопје на име Стојан Андриевски, Скопје. (3541)

Свидетелство за завршено III година, издадено од АСУЦ во Скопје — сообраќаен техничар на име Славе Треневски, Скопје. (3542)

Свидетелства за III и IV година и диплома за положен завршен испит, издадени од Гимназијата „Гоце Делчев" во Куманово на име Насер Имери, Куманово. (3543)

Режи карта, издадена од ЖТП во Прилеп на име Борче Ртовски, с. Чепилово, Прилеп. (3544)

Диплома на име Лепар Арисаганоски, ул. „Скопска" бр. 17, Прилеп. (3545)

Свидетелства за II и III година на име Атанас Петрески, с. Секирци, Прилеп. (3546)

Свидетелство на име Славица Ангелеска, ул. „Мите Ефтим" бр. 55, Крушево. (3547)

Работна книшка на име Атанас Мицкоски, с. Загоране, Прилеп. (3548)

Свидетелство за VIII одделение на име Слободанка Попова, ул. „М. Пијаде" бр. 34, Прилеп. (3549)

Свидетелство за VI одделение на име Сејдо Алиоски, ул. „Тризла" бр. 567, Прилеп. (3550)

Свидетелство за VIII одделение на име Благица Илиевска, с. Лозово. (3551)

Документи на име Раметула Муниши, с. Пирок, Тетово. (3552)

Работна книшка на име Ремзи Сулејмани, с. Нераште, Тетово. (3553)

Свидетелство за IV клас на име Сематин Дехари, с. Гајре, Тетово. (3554)

Свидетелство за VIII одделение, издадено од Основното училиште „Братство", с. Челопек, на име Ќамил Ќамили, с. Челопек, Тетово. (3555)

Свидетелство за II клас на име Весна Иванова, ул. „М. Тито" бр. 8, Виница. (3556)

Свидетелства за III и IV година на име Мирчо Богданов, с. Блатец, Виница. (3557)

Воена книшка, издадена од Скопје на име Сакип Неждет, Скопје. (3558)

Свидетелство за III година, издадено од ГУЦ „Здравко Цветковски" во Скопје на име Стојан Валоски, с. Будинарци, Берово. (3559)

Свидетелство за IV одделение на име Меаз Девиши, с. Боговиње, Тетово. (3675)

Свидетелства за I и II година на име Реиз Целили, с. Речане, Тетово. (3676)

Свидетелство за I година на име Џемили Садри, с. Речане, Тетово. (3677)

Лична карта на име Коле Кушоски, ул. „Балтепе" бр. 5, Тетово. (3678)

Возачка дозвола на име Коле Кушоски, ул. „Балтепе" бр. 5, Тетово. (3679)

Свидетелства за III и IV година и диплома на име Нафи Асани, с. Прушовце, Тетово. (3680)

Свидетелство за VIII одделение на име Зибер Шефити, ул. „Илинденска" бр. 143, Тетово. (3681)

Земјоделска здравствена легитимација на име Задије Зибери, с. Желино, Тетово. (3682)

Свидетелства од I до IV година, издадени од Учителска школа на име Сабат Халити, с. Теарце, Тетово. (3683)

Диплома на име Ќамиле Сејфилак, ул. „М. Ч. Филиповски" бр. 66, Гостивар. (3684)

Свидетелство за III година на име Борче Максимоски, с. Беловиште, Гостивар. (3685)

Диплома на име Џане Нафитоски, ул. „Сретко Крапески" бр. 75, Гостивар. (3686)

Документи на име Мухарем Салиу, с. Добридол, Гостивар. (3687)

Свидетелство за VIII одделение на име Канирфан Рецепи, с. Врапчиште, Гостивар. (3688)

Свидетелство за VIII одделение на име Зурап Шабани, с. Топлица, Гостивар. (3689)

Свидетелство за IV одделение на име Зилкадри Емини, с. Сенокос, Гостивар. (3690)

Свидетелство за VIII одделение на име Ацо Алпелов, с. Лозово, Пробиштип . (3691)

Свидетелства за I и II клас на име Зора Стојковска, с. Долно Лисиче, Скопје. (3691)

Свидетелство за VII одделение на име Џане Дончески, с. Десово, Прилеп. (3692)

Ученичка книшка за III одделение на име Емилија Ѓорѓиоска, ул. „Ленин" бр. 3, Прилеп. (3693)

Свидетелство за I клас на име Бранко Пулески, ул. „Г. Гаврилоски" бр. 9, Прилеп. (3694)

Свидетелство за IV година на име Добрила Трајкоска, ул. „Рузвелтова" бр. 4/1, Скопје. (3695)

Свидетелства за I и II година на име Менка Станкоска, с. Кадиню Село, Прилеп. (3696)

Свидетелство за I година на име Милија Стојкоски, с. Пешталево, Прилеп. (3697)

Свидетелство за II година на име Благица Радеска, ул. „11 Октомври" бр. 157, Прилеп. (3698)

Работна книшка на име Киро Јорданоски, ул. „Поп Спасе Игумен" бр. 22, Прилеп. (3699)

Свидетелство на име Јулија Брмбоска, ул. „Б. Кидрич" бр. 113/8, Прилеп. (3700)

Пасош бр. МА 580495 на име Јанчо Алексовски, ул. „М. Пијаде" бр. 214, Куманово. (3701)

Воена книшка, издадена од Београд на име Александар Малинов, Скопје. (3702)

СОДРЖИНА

Страна

46. Одлука за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на составот на Републичкиот совет за односи со странство — — — — — — — — — 177
47. Одлука за дополнување на Одлуката за утврдување на составот на Републичкиот совет за заштита на поредокот утврден со Уставот — — — — — — 177
48. Одлука за измена и дополнување на Одлуката за составот на Комисијата за одликувања на Претседателството на СРМ 177
49. Уредба за висината на надоместокот што им припаѓа на граѓаните, организациите на здружен труд и другите самоуправни организации и заедници за материјалните средства земени за потребите на вежби на територијалната одбрана и цивилната заштита — — — — — — 177

Тарифа за надоместоците за користење на средства земени за потребите на вежби на единиците на територијалната одбрана и цивилната заштита — — — 179

50. Одлука за пропишување на мерка на непосредна општествена контрола на цените и давање согласност на тарифите за услугите во железничкиот патнички сообраќај — — — — — — — — — 180
51. Правилник за изменување на Правилникот за програмата и начинот за проверување на стручната оспособеност за вршење угостителска дејност со самостоен личен труд со средства во сопственост на граѓани и составот на Комисијата — 180
52. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 2/79 од 24 декември 1979 година 180
53. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 81/79 од 17 јануари 1980 година — 182
54. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 103/79 од 31 октомври 1979 година 183
55. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 104/79 од 31 октомври 1979 година 184
56. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 186/79 од 17 јануари 1980 година 186
57. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 196/79 од 10 јануари 1980 година 186

Општи акти на самоуправните интересни заедници

СКОПЈЕ

113. Одлука за усогласување на минималната старосна пензија и семејната пензија до висината на минималната старосна пензија со порастот на трошоците за животот во 1979 година — — — — — 188
114. Одлука за утврдување на висината на стапката на придонесите за здравствено осигурување на работниците — — — 188
115. Одлука за утврдување на висината на придонесите за здравствено осигурување на земјоделците — — — — — — — 188
116. Одлука за утврдување стапка на придонес од личен доход од работен однос за обезбедување средства на Републичката самоуправна интересна заедница за основно образование за 1980 година — — 188

ГОСТИВАР

117. Одлука за утврдување стапките на придонесите на Општинската заедница на физичката култура — Гостивар — — 189

КРАТОВО

118. Одлука за утврдување стапките на придонесите на Општинската СИЗ на физичката култура и за здружување на средства во Републичката СИЗ на физичката култура во 1980 година — — 189

ТЕТОВО

119. Одлука за утврдување стапките на Општинската самоуправна интересна заедница на физичката култура — Тетово и Републичката заедница на физичката култура — Скопје за 1980 година — — 189
120. Одлука за утврдување стапката на придонесот од личен доход на Општинската самоуправна интересна заедница за општествена заштита на децата — Тетово за 1980 година — — — — — — — — 190
121. Одлука за утврдување стапките на придонесите на Општинската самоуправна интересна заедница на културата — Тетово — — — — — — — — — 190

Издавач: Работна организација Службен весник на СРМ — Скопје, ул. „29 Ноември" бр. 10а. Пошт. фах 51. Тел. 228-204. Одговорен уредник Петар Јаневски. Жиро сметка број 40100-603-12498 кај Службата на општественото книговодство. Печат Графички завод „Гоце Делчев" — Скопје